КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 648/14
12.08.2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 15- 3804/1
04-08-2014 2014 година
Скопје

Врз основа на член 29 став (1) алинеја 5, став (2), и став (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија„ бр115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), Министерот за економија донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## За одземање на лиценца за овластен проценувач

1. На Друштвото за книговодство,трговија и услуги ФАКТ НОВУС ДООЕЛ Гостивар со ЕМБС 6554423 со седиште на ул. Живко Брајковски бр.69 од Гостивар МУ СЕ ОДЗЕМА лиценцата за овластен проценувач од областа ПОДВИЖЕН ИМОТ издадена од Министерството за економија под бр ПИ-32( 15-1075/2) од 25.02.2013. година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето .

## О б р а з л о ж е н и е

Комората на проценувачи достави до Министерството за економија Известрување бр.426/14 од 06.03.2014 година од Управниот одбор на Комората за исполнување на условите за одземање на лиценца на овластен проценувач на Друштво за книговодство, трговија и услуги ФАКТ НОВУС ДООЕЛ Гостивар од областите кои се во надлежност на Министерството за економија односно областа ПОДВИЖЕН ИМОТ.

Согласно одредбите од член 38 од Законот за процена „Проценувачите задолжително секоја годинаплаќаат годишна членарина". Именованото друштво не ја извршило оваа законска обврска и покрај потсетувањето од страна на Комората на проценувачи.

Согласно член 29 став (1) алинаја5 од Законот за процена, лиценца се одзема ако проценувачот уредно не ја плаќа членарината на Комората на проценувачи. Во случаите член 29 став (1) алинеи 4 и 5, лиценцата се одзема во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од Комората на проценувачи.

Поради наведеното одлучено е како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение не може да се изјави посебна жалба. Назадоволната страна против решението за одземање на лиценцата може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена по приемот на ова решение.

Доставено до: -именованиот
- Централен регистар на Р.М.
- Комора на проценувачи
- архива

МИНИСТЕР,
Bekim Neziri

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Изработил: Мухамед Љачи
Проверил:Татијана Соколоски
Марика Илијевска
Контролирал: Томе Велковски

-